Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА
Примено: 13.07.2009
04 659 1 -

Бр. 02-505
6.7.2009 год.

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 и бр. 103/2008), Универзитетскиот сенат, на 11. седница одржана на 6.7.2009 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор на редовен професор

**Член 1**

Д-р Орце Митевски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Факултет за физичка култура-Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје–Факултет за физичка култура, по предметите: основи на спортска гимнастика, спортска гимнастика, теорија и методика на избраната дисциплина 1, теорија и методика на избраната дисциплина 2, техника и тактика на избраната дисциплина 1 и техника и тактика на избраната дисциплина 2.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Орце Митевски заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“–Факултет за физичка култура-Скопје и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Република Македонија Скопје

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:

- Факултет за физичка култура -Скопје
- Д-р Орце Митевски

мм/ед

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 964 Скопје,
15 мај 2009 година

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Факултетот за физичка култура** во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Христина Ристовска | Дефинирање и компарирање на некои антрополошки димензии со различни методолошко-статистички постапки кај учениците опфатени со соодветни физички активности | Проф. д-р Александар Наумовски |

# ПРЕГЛЕД

на одобрените теми за изработка на **докторска дисертација** на **Факултетот за физичка култура** во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Александар Симеонов | "Компаративна анализа и структура на морфолошкиот, базичниот и специфичниот моторен процтор во атлетскиот петобој кај две генерации студенти од втора година на Факултетот за физичка култура-Скопје" | Проф. д-р Зоран Радиќ<br>Проф. д-р Јован Јовановски<br>Проф. д-р Жарко Костовски |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ОСНОВИ НА СПОРТСКА ГИМАНСТИКА, СПОРТСКА ГИМНАСТИКА, ТЕОРИЈА И МЕТОДИКА НА ИЗБРАНАТА ДИСЦИПЛИНА 1 И 2, ТЕХНИКА И ТАКТИКА НА ИЗБРАНАТА ДИСЦИПЛИНА 1 И 2, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно - научниот совет на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 0201-173/4 од 2.3.2009 година, определена е Комисија за избор на наставник по предметите: основи на спортска гиманстика, спортска гимнастика, теорија и методика на избраната дисциплина 1 и 2, техника и тактика на избраната дисциплина 1 и 2, во состав: проф. д-р Јован Јовановски-претседател, проф. д-р Ванчо Поп-Петровски - член и проф. д-р Александар Туфекчиевски - член.

На конкурсот објавен на 17.2.2009 година во весникот „Нова Македонија" се пријавил кандидатот вонр.проф. д-р Орце Митевски. По разгледувањето на поднесените документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот вонр.проф. д-р Орце Митевски е роден на 26.7. 1955 година во Свети Николе, Р. Македонија. Основното образование го завршил во родниот град, а средното образование во Училиштето за физичка култура „Методи Митевски - Брицо" во Скопје.

Во учебната 1974/75 година се запишал на Факултетот за физичка култура во Белград. Дипломирал на истиот Факултет во 1978 година со просечен успех 8,14. Во истата година се вработил во Училиштето за физичка култура „Методи Митевски - Брицо" во Скопје, како професор по предметите: спортски игри и боречки спортови. Во 1979 година се вработил на Факултетот за физичка култура во Скопје, како помлад асистент на предметот Спортска гимнастика.

Во 1981 година се запишал на постдипломски студии на Факултетот за физичка култура во Белград, каде што магистрирал на тема „Зависност на успехот на учениците во наставата по спортска гимнастика од нивните биомоторички способности", во 1984 година. Во 1984 година, заради семејни причини, се преселил во Свети Николе и се вработил како професор по физичко образование во Центарот за средно образование „Кочо Рацин". Во 1998 година се вратил во Скопје и се вработил како

асистент по предметот спортска гимнастика на Факултетот за физичка култура.

Докторската дисертација под наслов : „Латентна поврзаност на антропометриските и моторните фактори со успешната изведба на гимнастичките елементи кај учениците од 17- годишна возраст" ја одбранил на Факултетот за физичка култура во Скопје на 5 мај 2000 година и се стекнал со титулата доктор на науки во областа на физичката култура.

Во 2000 година е избран за доцент по предметот Спортска гимнастика на Факултетот за физичка култура во Скопје. Во звањето вонреден професор по предметот спортска гимнастика е избран во 2004 година.

## ПЕДАГОШКА , СПОРТСКА И ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот вонр. проф. д-р Орце Митевски уште од својата најрана младост почнал да се занимава со спорт, прво како активен учесник во спрткските секции во основното училиште, а потоа се вклучил во работата на ДТВ „Партизан" – Св. Николе, каде што почнал да се занимава со спортска гимнастика. Во овој период учествувал на голем број гимнастички натпревари кои се организирале од страна на Гимнастичкиот сојуз на Р. Македонија. На овие натпревари, како помлад и како постар пионер, освојувал повеќе награди и признанија.

Во текот на средното образование се вклучил во работата на ДТВ Партизан „Орце Николов" и „М. М. Брицо" во Скопје, каде што продолжил активно да вежба и да се натпреварува во категоријата на јуниори и сениори.

Од 1974 година со активно вежбање продолжил во ДТВ „Жарково " во Белград. Во ова гимнастичко друштво се вклучил во тренажниот процес со младите гимнастичари. Со својата трудољубивост, доследност и самодисциплина во наставниот процес на Факултетот за физичка култура во Белград, успеал да остави впечаток кај своите колеги и наставници како човек кој може да помогне во наставата по спортска гимнастика. Поради тоа, Катедрата по спортска гимнастика на Факултетот го ангажирала за демонстратор на предметот спортска гимнастика.

Во периодот од 1992 до 1994 година во Училишниот центар „Кочо Рацин " во Св. Николе е избран за претседател на ОО на СС, а од 1995 до 1997 година, Наставничкиот совет при Училишниот центар „Кочо Рацин " во Св. Николе го избрал за помошен директор на Центарот. Во периодот од 1986 до 1988 година е избран за надворешен соработник – советник за предметот физичко и здравствено воспитание за основните и за средните училишта во Заводот за унапредување на воспитанието и образованието во Штип.

Во Свети Николе активно учествувал во работата на ДТВ „Партизан" и во фудбалскиот клуб „Овче Поле".

Кандидатот д-р Орце Митевски, користејќи го своето долгогодишно искуство и сознанијата од областа на спортската гимнастика, како и сознанијата и теоријата од научните истражувања, секогаш се труди да ги примени во практичната и во теоретската настава, со што кај студентите се развива позитивен и активен став, интерес, љубов кон предметот и желба за совладување на нови посложени движења. Осмислените и организирани практични часови и грижата за безбедноста и сигурноста на студентите за време на практичната настава, како и почитувањето на личноста на студентите, овозможуваат заитересираните студенти успешно да ги совладаат сложените движења од овој спорт, со создавање сигурност и доверба кај нив. Во моментов е раководител на Катедрата за моноструктурални спортски активности на Факултетот.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА ДЕЛНОСТ

Кандидатот вонр.проф. д-р Орце Митевски од завршувањето на високото образование до денеска, се занимава со творечка и со научно-истражувачка работа. Во објавените научни и стручни трудови применува научно - истражувачки постапки со кои ја третира проблематиката на спортската гимнастика. Во научно - истражувачките трудови е опфатена и проучувана латентната структура на гимнастичките елементи, латентната структура во морфолошкиот простор, латентната структура на моторните способности, како и влијанието на изолираните моторни фактори и антропометриски димензии на успешната изведба на гимнастичките елементи по справи, во манифестен и латентен простор. Користејќи го искуството од работата со ученици во Училишниот центар и искуството од извршувањето на увидите во наставата по физичко воспитание, во своите стручни трудови дава упатства за подобрување и решавање на ефикасноста на наставата и оценувањето по предметот физичко образование и воспитание во училиштата и примената на спортската гимнастика во наставата. За потребите на студентите на Факултетот за физичка култура при изведувањето на практичната настава и подготвувањето на испитот по спортска гимнастика, како и за потребите на тренерите по спортска гимнастика во процесот на тренирање со помлади гимнастичари, има напишано и објавено три учебници. Кандидатот активно се занимава со научно - истражувачка работа од предметот за кој е избран, што се потврдува и со неговото учество на семинари, симпозиуми и конгреси од областа на физичката култура.

Кандидатот вонр.проф.Орце Митевски доставил трудови и учебници:

Во понатамошниот текст, Комисијата ќе го наведе бројот на досега рецензирани трудови и ќе ги рецензира трудовите објавени по последниот избор.

- Единаесет труда на кандидатот се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “, бр. 763 од 29 септември 2000 година при неговиот избор во звањето доцент.
- Четиринаесет труда на кандидатот се рецензирани при неговиот избор во звањето вонреден професор, во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр.852 од 1 јуни 2004 година.

Научни и стручни трудови за рецензија, објавени по изборот во звањето вонреден професор.

1. **Митевски О.: Влијанието на антропометриските и моторните димензии на техничката изведба на гимнастичките елементи со слична структура изведени на различни справи.** Зборник на трудови. Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Центар за физичко образование и спорт. Симпозиум. 2005. Стр. 56-59.

Во истражувањето кај 148 испитаници измерени се 21 антропометриска мерка, 30 моторни тестови и оценувани се два структурно слични гимнастички елемента, изведени на две справи. Со факторизирање на снимените простори, изолирани се 4 димензии во морфолошкиот и десет во моторичкиот простор. Мерките за дебелина на поткожното масно ткиво, како елементи од изолираниот фактор, значајно и негативно влијаеле врз техниката на изведбата на одбраните гимнастички елементи, а трансферзалниот фактор влијаел само на изведбата на елементот наупор усклопно на кругови. Изолираните латентни моторни димензии - координација и експлозивна сила имаат значајно влијание врз двете одбрани критериумски варијабли, флексибилноста само на елементите упор усклопно на разбој, а фреквенцијата на движењата и сложената моторна способност (7-ми фактор) на техничката изведба на наупор усклопно на кругови. Резултатите можат да имаат практична примена во процесот на учење на гимнастичките елементи.

2. **Митевски О., Митевска Б.:Споредбена анализа на факторските структури и промените во латентниот моторички простор кај учениците од машки пол во возрасниот период од 11 до 12 години.** Зборник на трудови. Универзитет „Св. Кирил и Методиј”. Центар за физичко образование и спорт. Симпозиум. 2005. Стр. 60 - 63.

Со цел да се утврдат факторските структури, како и промените во моторниот простор кај учениците од машки пол на возраст од 11 и 12 - годишна возраст, реализирано е лонгитудинално истражување со примена на 27 моторни теста. Со примена на факторска анализа кај учениците од 11 - годишна возраст, од применетите моторни тестови изолирани и дефинирани се 5 латентни моторни димензии (флексибилност, координација и ритмичка структура). Кај 12 - годишните ученици егзистираат 6 латентни моторни димензии (динамометриска сила, рамнотежа, експлозивна сила, координација и статичка сила) и еден недефиниран фактор. Утврдена е различна факторска структура во двете возрасти (11 и 12 год.). Ваквите

сознанија ја наметнуваат потребата од реализирање на различни програмски содржини на часовите по физичко образование во оваа возрасна група.

3. **Митевски О.: Прилог кон ефикасна методска постапка на гимнастичкиот елемент упор во предниш на разбој.** Зборник на трудови. Федерација на училиштн спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2006.Стр. 154.

Трудот, според неговата концепција нуди информации, сознанија и насоки во правилниот избор на редоследот во обучувањето на елементите во спортската гимнастика.

4. **Митевски О., Митевска Б.: Утврдување на факторската структура, промените и идентичноста на латентната структура во морфолошкиот простор кај учениčките (Ж) на 11 и 12 годишна возраст.** Зборник на трудови. Федерација на училиштн спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2006. Стр. 309.

На примерок од 156 испитаници од женски пол на возраст од 1 и 12 години, извршено е лонгитудинално истражување со примена на 11 антропометриски мерки за проценка на четири латентни димензии. Со факторска анализа на резултатите од првото мерење на 11 - годишните ученички утврдени се две латентни димензии именувани како волуменозна и скелетна димензионалност. Во второто мерење на 12 - годишни ученички издвоени се три латентни димензии именувани како волумен на телото, лонгитудинална димензионалност и поткожно масно ткиво. Иако во структурите на изолираните фактори се забележуваат разлики, факторските структури на изолираните фактори за волумен на телото и лонгитудиналната димензионалност во 6. одделение се идентични со структурата на волуменозноста и скелетната димензионалност изолирани од првото мерење во 5. одделение. Со понатамошната факторизација на изолираните фактори посебно во 5. и посебно во 6. одделение, во вториот ред е изолиран еден заеднички фактор за раст и развој.

5. **Митевски О.: Техничката изведба на гимнастичкиот елемент круг назад преку стоење на раце на партер во зависност од морфолошките карактеристики и моторните способности.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2006.Стр. 316.

За совладување на техниката на гимнастичкиот елемент круг назад преку стоење на раце на партер, должинските мерки на вежбачот имаат негативно влијание, додека моторните способности: координација, рамнотежа, 7 – фактор и експлозивна сила имаат значајно позитивно влијание. Во процесот на учење се препорачува развивање на наведените моторни способности на задоволително ниво, а потоа да се започне со практично изведување на елементот. Истражувањето е реализирано на

примерок од 148 испитаници на кои се измерени 21 антропометриски мерка и 30 моторни тестови.

6. **Митевски О., Митевска – Попеска Б.: Примена на дидактичкиот принцип на систематичност и постапност во процесот на учење и усовршување на гимнастичкиот елемент премет напред на партер. Зборник на трудови.** Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. Стр.79-81.2007.

Со примената на принципот на систематичност и постапност при изборот на предвежби и определување на редослед на нивната примена во методската постапка на гимнастичкиот елемент премет напред на партер, според сознанијата и наводите на авторот, ќе се зголеми ефикасноста и ќе се скрати времетраењето на процесот на обучување на техничката изведба на овој гимнастички елемент.

7. **Митевска - Попеска Б., МитевскиО.: Ефикасноста во процесот на учење на телесните движења во зависност од примената на дидактичкиот принцип на систематичност и постапност.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. Стр.100-103. 2007.

Во трудот на соодветен начин се образложени главните постулати коишто се базираат на систематичноста и постапноста во процесот на обучувањето на техниката на елементите. Генерално, иако во трудот станува збор за гимнастички елемент, правилната методска постапка водена по овие дидактички принципи може да се примени и во обучувањето на елементите кои и припаѓаат на техниката и на други спортови.

8. **Митевски О.: Техничката изведба на гимнастичките елементи на коњ со рачки во зависност од моторните способности.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Стр.198-201. Пелистер. 2007.

Совладувањето на техниката на изведбата на елементите на гимнастичката справа коњ со рачки е во тесна зависност со факторите коишто го дефинираат антрополошкиот статус на изведувачот. Во таа смисла, моторните способности во најголем процент го определуваат успешното изведување на истражуваните гимнастички елементи. Со факторска анализа издвоени се девет латентни моторни фактори, а со регресивна анализа на изолираните моторни фактори и оценката на изведбата на гимнастичките елементи утврдено е влијанието на моторните фактори во успешната изведба. Во изведбата фреквенцијата на движењата, рамнотежата, експлозивната сила и координацијата имаат најголемо влијание на успешната изведба на испитуваните елементи.

9. **Митевски О.: Насоки за учење и усовршување на техничката изведба на гимнастичките елементи.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2007. Стр. 115-117.

Во трудот се презентирани носечките елементи за успешното изведување на елементите во гимнастика на највисоко техничко ниво (натпревари). Според авторот, особено внимание треба да се посвети на квалитетната обука на деловите на елементите и на елемнтите во целина, со цел да се создаде хармонија помеѓу енергетските елементи, ритамот на изведбата на движењата на поединечни делови на телото и на целото тело. Недостатокот или недоволната совладаност на еден дел или на целината од елементи ја нарушува техничката перфекција во изведбите.

**10.Митевски О.: Методска постапка на гимнастичкиот елемент згрчка и згрчка со заножување на прескок.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2007. Стр. 118 -125.

Во трудот се презентирани стручно-научни оправдани насоки во обучувањето на гимнастичкиот елемент згрчка со заножување со соодветни предвежби. Опишана е методската постапка по логички целини, поделени според структурата и задачите за секоја фаза од овој елемент. Наведените сознанија ќе имаат свои придонес во процесот на учење на наведениот и други идентични гимнастички елементи по својата структура.

**11. Билјана Митевска-Попеска, Орце Митевски: Утврдување и споредување на факторската структура во морфолошкиот и моторниот простор кај учениците и ученичките на 11 годишна возраст, како основа за избор на наставни содржини на предметот физичко образование.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2007.Стр. 394-401.

На примерок од ученици и ученички од 11 - годишна возраст, применети се 27 моторни теста за проценка на 9 моторни димензии и 11 антропометриски варијабли за одредување на структурата во морфолошкиот простор. Со примена на соодветни статистички постапки утврдена е структурата во морфолошкиот и моторниот простор на учениците и ученичките на 11 - годишна возраст. Во морфолошкиот простор изолирани се две летентни димензии кај машките и две кај женските ученици. Во моторниот простор кај учениците и кај ученичките изолирани се по 5 латентни моторни димензии. Меѓу дефинираните истоимени димензии добиена е значајна идентична структура кај моторните фактори, дефинирани како координација и рамнотежа. Структурата кај динамометриската сила и флексибилноста е различна меѓу машките и женските ученици на 11 - годишна возраст. Идентичната структура на изолираните фактори во морфолошкиот и моторниот простор овозможуваат изведување на исти наставни содржини, а различните латентни структури ја наметнуваат потребата од индивидуализирана настава на часот по физичко воспитување кај машките и женските ученици.

12. **Орце Митевски, Билјана Митевска–Попеска: Компарирање на латентната моторна структура кај ученици на 12 и 13 - годишна возраст.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2007. Стр. 385 – 391.

На примерок на испитаници од 144 ученици на 12 и 13 - годишна возраст, применето е лонгитудинално истражување со примена на 27 моторички теста, со цел да се утврди латентната структура во моторичкиот простор во двата возрасни периода и се утврди сличноста на истоимено дефинираните моторни фактори. Со примена на факторска анализа кај учениците на 12 - годишна возраст, изолирани се 6 моторни димензии ( динамометриска сила, рамнотежа, експлозивна сила, координација и статичка снага, 1 фактор е недефиниран), а во возрасниот период од 13 години изолирани се 5 латентни димензии ( рамнотежа, прецизност, динамометриска сила, флексибилност, координација). Коефициентот на конгруенција меѓу изолираните и истоимено дефинирани фактори (рамнотежа, динамометриска сила и координација во двата возрасни периода) се ниски и незначајни, што укажува на егзистирање на различна структура во моторниот простор на 12 и 13 - годишна возраст.

13. **Орце Митевски: Техничката изведба на прескокот згрчка со заножување во зависност од моторните способности и лонгитудиналната димензионалност на телото.** Зборник на трудови. Федерација на училиштен спорт на Македонија. Стручно – научен собир. Пелистер. 2007. Стр. 392-394.

На примерок од 148 ученици од Училиштето за физичка култура во Скопје, применети се 11 антропометриски и 27 моторни варијабли за утврдување на морфолошката и моторната структура на учениците. Успешната изведба на прескокот згрчка со заножување е оценувана со стандардизиран критериум од страна на 8 квалификувани оценувачи. Со примена на факторска анализа утврдена е структурата во морфолошкиот и моторниот простор, а со регресиска анализа утврдено е влијанието на изолираните фактори во двата простора со успешната изведба. Во морфолошкиот простор, лонгитудиналната димензионалност покажа значајно и негативно влијание, а во моторниот простор значајно влијание покажаа координацијата, силата, флексибилноста и експлозивната сила на успешната изведба на прескокот згрчка со заножување.

## ИЗДАДЕНИ УЧЕБНИЦИ И ПРИРАЧНИЦИ

1. Митевски О.: **Практикум по спортска гимнастика**. Јофи - Скен – Скопје, 2003. Рецензиран **во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “, бр. 836 од 30 септември 2003 година.**
2.Митевски О.: **Прирачник за оценување на гимнастички елементи и состави во спортска гимнастика.** Јофи - Скен –Скопје, 2004. **Рецензиран во**

**Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " , бр. 840 од 1 декември 2003 година.**
**3. Митевски О.: Методика во спортска гимнастика.** Учебник. Факултет за физичка култура. Јофи - Скен –Скопје, 2008. **Рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", 2006, со одлука 0201-965/14 од 29.11.2006.**

## УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАУЧНИ ПРОЕКТИ

1. **Како соработник - истражувач,** учествувал во реализирањето на следниов проек:

**- Валоризација на спортските активности во СР Македонија.**

Проектот го реализира Факултетот за физичка култура. Нарачател на истражувањето е СИЗ за физичка култура. Раководител Вонр проф. д-р. Александар Наумовски. Реализирано е во 1988 година.

2. **Како главен истражувач - раководител на проект, кандидатот го реализира и ги објави резултатите од проектот на тема:**

**-Развојот на антропометриските и моторичките манифестни и латентни димензии кај младите од двата пола во Република Македонија.**

Проектот се реализира од страна на Факултетот за физичка култура, финансиран од Министерството за наука на Република Македонија.

Истражувањето се реализира во траење од три години ( 2001/2004) на примерок од околу 800 испитаници од машки и од женски пол во Република Македонија. Резултатите се интерпретирани 2005/2006 год. Опфатени се 15 основни училишта во 9 општини во Републиката. Примерокот е поделен на 2 суппримерока, на кои се применуваат 12 антропометриски и 27 моторни манифестни варијабли. Со овие варијабли лонгитудинално се следи состојбата и развојот на антропометриските и моторните манифестни и латентни димензии во текот на 11,12 и 13 - годишна возраст на избраниот примерок на испитаници. Избраните варијабли се применети како иницијални на 11 – годишна возраст, транзитни на 12 години и финални мерења на 13 - годишна возраст.

За остварување на основната цел на истражувањето, односно да се утврди развојот на повеќе сегменти од антропометриските и од моторните димензии со помош на лонгитудиналните параметри на испитаниците во развојниот возрасен период од 11 до 13 години кај двата пола, применети се повеќе соодветни статистички методи. Со резултатите од истражувањето се добиени показатели кои ќе послужат за согледување на развојните промени на применетите димензии за секој возрасен период и секој пол, показатели за состојбата и карактерот на латентната структура на антопометриските и биомоторните димензии, за бројот на изолираните латентни димензии и

бројот на валидните манифестни варијабли кои учествуваат во нивната структура. Латентната структура е со различен развоен степен во различен возрасен период.

**Стручна работа: Сертификат за учество на семинар за тренери по спортска гимнастика**, одржан од тренери - претставници на Интернационалниот олимписки комитет за спортска гимнастика во Охрид, 2008 година, организиран од МОК на Македонија и ФГС на Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на предлогот и анализата на доставените материјали од страна на кандидатот вонр. проф. д-р Орце Митевски, Комисијата во состав: ред. проф. д-р Јован Јовановски, ред. проф. д-р Александар Туфекчиевски и ред. проф. д-р Ванчо Поп – Петровски, смета дека кандидатот со својата досегашна наставна и научна работа има особен придонес за дејноста во која е избран и со тоа во целост ги исполнува условите да биде избран во звањето редовен професор по предметите: основи на спортска гиманстика, спортска гимнастика, теорија и методика на избраната дисциплина 1 и 2, техника и тактика на избраната дисциплина 1 и 2, на Факултетот за физичка култура во Скопје.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го прифати нејзиниот предлог и да го избере кандидатот Орце Митевски во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР на Факултетот за физичка култура во Скопје по предметите: основи на спортска гиманстика, спортска гимнастика, теорија и методика на избраната дисциплина 1 и 2, техника и тактика на избраната дисциплина 1 и 2.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Ред. проф. д-р Јован Јовановски – претседател, с.р.

2. Ред. проф. д-р Александар Туфекчиевски - член, с.р.

3. Ред. проф. д-р Ванчо Поп-Петровски - член, с.р.

Скопје,
7.5.2009 година.